Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-119/3
02-02-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-764/1 од 27.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Велес, преку Синдикат на полиција во Македонија со седиште на [redacted] во Велес, за извршена дискриминација од страна на [redacted] началник на СВР Велес, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по претставка број 08–764/1 од 27.10.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Велес, преку Синдикат на полиција во Македонија со седиште во Велес, **поради повлекување на претставката од страна на подносителот.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 27.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Велес, преку Синдикат на полиција во Македонија, против [redacted] началник на СВР Велес.

Во претставката подносителката наведува дека на 26.09.2023 година подносителката била повикана од страна на началници во СВР Велес кога и било соопштено дека ќе биде задолжена со предмети кои биле дадени во работа на друга вработена во СВР Велес. Воедно според наводите во претставката и било забрането да оди во една од службените простории во СВР Велес на што укажала дека овој однос кон неа не е во ред и дека незаконски извршувала работни задачи на две работни места и немала никаков пропуст во работењето. Воедно посочува дека и било забрането да влегува во архивата на институцијата па подносителката нашла дека на овој начин се повредува нејзиното достоинство. Понатаму наведува дека во друг случај била дискриминирана со оглед дека не била упатена на обука од делокругот на нејзината работа, а на обуката била друга вработена која имала долгогодишно искуство во работењето на предметната проблематика.

Со оглед на изнесеното Комисијата се обрати до СВР Велес со Барање број 08-764/2 од 08.11.2023 година, заради добивање на произнесување по наводите во претставката.. По ова достави Ургенција број 08-42/1 од 04.01.2024 година до СВР Велес,

а на 24.01.2024 година до Комисијата е доставено Известување број 22.23-8581 од 21.11.2023 година на СВР Велес. Воедно Комисијата се обрати со Барање податоци број. Воедно Комисијата се обрати со Барање податоци број 08-42/3 од 22.01.2024 година до Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

По ова, во текот на постапката на 30.01.2024 година од страна на подносителката [redacted] од Велес доставено е Известување број 08-119/1 со кое ја известува Комисијата дека ја повлекува поднесената претставка.

Врз основа на гореизнесеното, а согласно член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) согласно кој: ***"Комисијата носи заклучок за неповедување или запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето.",*** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
02.02.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзарсоки

Доставено до:
- [redacted]
- Архива

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk